ПО ПОВОД 11 Октомври — Денот на востанието на македонскиот народ, и 40 години од НОВ и Социјалистичката револуција



ЛИКОВНА ИЗЛОЖБА „ЦРВЕНИОТ ПАТ“

ТОДЕ ИВАНОВСКИ

БИТОЛА 9 до 24 октомври 1981 год.

галерија
на современа
југословенска
графика
битола

Уметничка галерија — Битола

Тоде Ивановски

Роден е на 13 март 1924 г. во Неготино, во работничко земјоделско семејство. Од 1925 г. живее и работи во Битола. Основно училиште и два класа гимназија завршува во Битола, а во 1937 г. од економски и др. причини го напушта школувањето. Детското љубопитство со предиспозиции за цртање му беше извор за одржување на голиот живот.

Во НОВ учествува од 1941 г. Ордениран е со Орден за храброст и со медал — Заслуги за народ, а за време на социјалистичката изградба и со Орден за труд и Орден за заслуги за народ со сребрени зраци.

Тоде Ивановски, почнувајќи од 1944 год. кога за првпат излага цртежи од НОВ на ѕидниот весник на II македонска ударна бригада, на Кожув Планина во село Зборско во март 1944 год. сé до денес има отворено голем број групни и самостојни изложби во земјата и надвор од неа.

Самостојни изложби: Март 44 - партизански ѕиден весник I изложба во Зборско

1945, 1961 и 1965 г. Неготино (цртежи на тема од НОВ)
1950, 1957, 1961, 1963, 1965, 1968, 1969, 1971
1973, 1974, 1978, 1980, во Битола
1958 г. Скопје
1959 г. Кавадарци, Охрид, Прилеп
1960 г. Гевгелија
1979 г. Ниш

Колективни изложби:

1961 г. Белград, Сараево, Зеница, Скопје, Кавадарци, Ниш.
1963 г. Белград
1965 г. Белград, Москва, Ленинград
1966 г. Прага, Софија
1967 г. Сараево
1969 г. Титоград, Загреб
1970/1 г. Винковци
1971, 1975 г. Белград Сараево
1976 г. Скопје
1981 г. Скопје

Редовно учествува на сите изложби на ДЛУБ, „Мајскиот салон“ и „4 Ноември“, кои се организираат традиционално во Битола.




... Уметникот останува доследен на себеси и на заветот: Како уметник и борец да биде секогаш на изворите на НОВ и Револуцијата и уметнички да ги овековечува нејзините неодминливи светлини и нејзините високи идејни класни, хуманистички и етички достоинства. „Пламенот наш“, на ТОДЕ ИВАНОВСКИ продолжува да пламти и во овие негови најнови дела со неугасива животна и уметничка сила ...

Тоде Ивановски е добитник на голем број награди и признанија:

Трикратен добитник е на традиционалната награда на Битола — „4 Ноември“ за ликовно творештво 1960, 1962, 1965 година.

Единствена мапа во СР Македонија со цртежи од НОВ — „Пламенот наш“ е дел, од ликовниот опус на Ивановски, а се наоѓа во неколку културни метрополи низ светот: Ленинград — „Ермитаж“, Москва — Третјаковска галерија, Источен Берлин, „Национална галерија“ во Лондон, Варшава, Прага, Софија — Художествена академија, Вашингтон — Конгресната библиотека, Белград — Кабинетот на Претседателот Ј. Б. Тито, Загреб, Сараево и повеќе институции низ Македонија.